### УТРЕВЕЧЕР ПРЕМИЕРА ВО БАЛЕТОТ НА МНТ

# „КОПЕЛИЈА“ И „ГОЛЕМИОТ БАХ“

**● „КОПЕЛИЈА“ ОД ЛЕО ДЕЛИБ БАЛЕТОТ НА МНТ ЌЕ ГО ИЗВЕДЕ ВО КОРЕОГРАФИЈАТА НА ИРЕНА ЛОЗИНСКА, А „ГОЛЕМИОТ БАХ“, СПОРЕД РЕШЕНИЈАТА НА ЕКРЕМ ХУСЕИН**

**Балетот на МНТ утревечер (19,30 ч.) излегува на сцена со првата премиера во оваа сезона. Поточно со премиери на два кратки балета работени од кореографи од редовите на самиот Балет, концепција што оваа куќа што минатата пролет ја промовираше. Овојпат станува збор за балетите „Копелија“ и „Големиот Бах“ видени во кореографската замисла на Ирена Лозинска (првиот) и Екрем Хусеин (вториот).**

„Копелија“ на Лео Делиб првпат на македонската балетска сцена е поставен во 1954-та, а потоа и во 1963-та. Утрешната изведба, може да се рече е трето оживување на ова балетско дело на сцената на МНТ.



ИРЕНА ЛОЗИНСКА

**– Се определив за „Копелија“ зашто тоа е балет што го засакав уште во моето најрано детство, кога првпат се сретнав со балетската уметност – ни рече кореографот Ирена Лозинска, инаку солист во Балетот на МНТ. Ова сега е мое видување на „Копелија“ со кореографија во која има и класични и модерни делови на балетската игра. Автор на либретото е Мирјана Анастасова, со соработка и од моја страна. Морам да кажам дека беше доста напорно во сегашнава верзија од 40 минути да се соберат сите дејствија битни за либретото, кои во претходните две поставки биле претставувани во два и три чина.**

„Копелија“ на Лозинска ќе се игра на музиката на Делиб, во изведба на групата „Резиденс“ а во главните улоги настапуваат: **Елена Спасевска** (алтернација на **Искра Шукарева**), **Тамара Анастасова (Олга Панговска)**, **Билјана Пашариковска (Јасминка Крстеска)** и **Иво Караѓорѓев**, гостин од Бугарија.

„Големиот Бах“ е дело на Екрем Хусеин, долгогодишен солист на Балетот на МНТ, а и автор на поголем број кореографии.



ЕКРЕМ ХУСЕИН

**– Бах е еден од највиртуозните композитори на светското музичко творештво. Неговата музика постојано е инспирација за уметниците од сите области Балетот „Големиот Бах“ трае 25 минути. Во него е собрано сè најубаво од овој гениј и тоа претставено низ четири слики почнувајќи со класична, па неокласична и на крајот завршувајќи со современа и слободна балетска игра – вели Хусеин.**

Водечките улоги во претставата ги играат **Зоица Пуровска, Зоран Велевски, Катерина Кипровска** и **Горан Божинов**. Музичката соработка во изборот на музиката е на **Вања Николовски**. За двете претстави идејните решенија за сцената и костимите ги направија **Јасминка Ристовска** и **Љупка Ристовска**.

**Г. Колевска**

Вечер 3.II.95